Смрт на фашизмот — слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: "Службен весник на НРМ"—Скопје. Огласи по тарифата.

СКОПЈЕ
Вторник, 1 јули 1952
Број 20 Година VIII

Претплата за 1952 година изнесува 560 динари. Овој број чини 16 динари
Чековна сметка број 801. 901702

61

Врз основа на чл 73 точ. 1 од Уставот на Народна Република Македонија, Президиумот на Народното собрание на НРМ донесе

УКАЗ
ЗА СВИКУВАЊЕ НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НРМ НА IV РЕДОВНО ЗАСЕДАНИЕ

Народното собрание на Народна Република Македонија се свикува на IV редовно заседание (Второ свикување) на 3 јули 1952 година.

У. бр. 18

Скопје, 25.VI.1952 година

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

Секретар,
Лазо Мојсов, с. р.

Претседател,
Страхил Гигов, с. р.

62

На основа член 17 точка 5 во врска со член 29 точка 3 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947—1951, по предлог од Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА
ЗА ОСНИВАЊЕ МУЗЕЈ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА

Член 1

Со цел да се собираат и сочуваат предмети, оружје и документи од периодот на Народноослободителната борба, да се популаризира Борбата, да се воспитува младото поколение во духот на светлите традиции од Народноослободителната борба и кај младината да се развива љубов и преданост спрема нашата социјалистичка татковина, се основа Музеј на Народноослободителната борба.

Седиштето на Музејот е во Скопје.

Член 2

Музејот на Народноослободителната борба е културно-просветна установа и стои под општ надзор и раководство на Советот за просвета, наука и култура.

Член 3

Задачите на Музејот на Народноослободителната борба се:

1. систематски да собира предмети, оружје, материјал и документи од епохата на Народноослободителната борба и истите да ги средува и чува;

2. да му го овозможува на народот, научниците, ликовните уметници, публицистите и сл. разгледувањето и користењето на музејските збирки и документи;

3. да обработува научно и да објавува работи по предметите и збирките што се наоѓаат во Музејот.

Член 4

Со работата на Музејот на Народноослободителната борба непосредно раководи директорот на Музејот.

Директорот на Музејот го именува Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура.

Член 5

Музејот на Народноослободителната борба има свој стручен совет, како советодавен орган на директорот на Музејот.

Советот го свикува и со неговите седници раководи директорот.

Членовите на стручниот совет ги именува Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура.

Член 6

Музејот на Народноослободителната борба има своја самостојна претсметка на приходите и расходите што влегува во состав на претсметката на приходите и расходите на Советот за просвета, наука и култура.

Наредбодател за извршување на претсметката на приходите и расходите на Музејот на Народноослободителната борба е директорот на Музејот.

Член 7

Поблиски прописи за организацијата и работата на Музејот на Народноослободителната борба ќе донесе Министерот-Претседател на Советот за просвета, наука и култура.

Член 8

Оваа Уредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 687 од 24-VI-1952 година, Скопје

Претседател на Владата на
Народна Република Македонија,
Л. Колишевски, с. р.

Министер-Претседател
на Советот за просвета, наука и култура,
Д. Џамбаз, с. р.

63

На основа член 79 став 2 од Уставот на Народна Република Македонија, по предлог од Претседателот на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата, Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА ДЕТСКИОТ ДОМ ВО ВАЛАНДОВО

Член 1

Се основа Детски дом со седиште во Валандово.

Член 2

Детскиот дом е социјално-воспитна установа и се наоѓа под општо раководство и општ надзор на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата.

Член 3

Детскиот дом има за задача, да прибира социјално загрозени деца до 14 годишна возраст, на кои им е нужна постојана и посебна социјална грижа, со цел да се воспитуваат и оспособуваат за самостоен живот.

Член 4

Со Домот раководи управител на Домот.

Управителот го назначува Претседателот на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата.

Член 5

Советот за просвета, наука и култура на Владата се грижи за наставно-воспитната и општо-просветната работа во Домот, како и за оспособување на наставно-воспитен кадар за истиот.

Член 6

Детскиот дом има посебна претсметка на приходите и расходите која влегува во состав на претсметката на приходите и расходите на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата.

Наредбодател за извршување претсметката на приходите и расходите на Детскиот дом е управителот на Домот.

Член 7

Поблиски прописи за извршување на оваа Уредба донесува Претседателот на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата, а по прашањата за воспитно-просветната работа тие прописи ги донесува во споразум со Претседателот на Советот за просвета, наука и култура на Владата.

Член 8

Оваа Уредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија.

Скопје, 25-VI-1952, бр. 695/1952 година.

Претседател на Владата,

Лазар Колишевски, с. р.

Министер — Претседател
на Советот за народно здравје и социјална политика на Владата,

Вера Ацева, с. р.

ОГЛАСЕН ДЕЛ

РЕГИСТРАЦИИ НА ПРИВАТНИ ЗАНАЕТЧИСКИ ДУК'АНИ И РАБОТИЛНИЦИ

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 4005/51 год., записа не во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници под рег. бр. 315/II, занаетчискиот дуќан под фирма: Бравар, Георги Ј. Михајлов со седиште во Скопје, ул. „105" бр. 92.

Предмет на работата на дуќанот е: браварски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Георги Ј. Михајлов.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на трети реон — Скопје, бр. 4005 од 17-IV-1952 год.

II—36—738

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 3356/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 139/I, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Љубомир Стефан Илиевски со седиште во Скопје, ул. „118" бр. 55 — Скопје.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Љубомир Стефан Илиевски.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на трети реон — Скопје, бр. 3356 од 17-IV-1952 год.

II—37—751

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 3379/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 143/I, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Трајко Ангелов со седиште во Скопје, ул. „99" бр. 16.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Трајко Ангелов.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на трети реон Скопје, бр. 3379 од 17-IV-1952 год.

II—37—752

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 3882/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 268/I, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Мицко Б. Стефановски со седиште во Скопје, ул. „87" бр. 22.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Мицко Б. Стефановски.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на трети реон — Скопје, бр. 3882 од 17-IV-1952 год.

II—37—753

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2428/52 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 212, рег. бр. 212, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар, Имер

Лиман Мурат со седиште во Скопје, ул. „39" бр. 68.

Предмет на работата на дуќанот е: столарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Имер Лиман Мурат.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје, бр. 3187/52 год.

II—44—886

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 4394/50 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 133, рег. бр. 133, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Тодор Андреев Делевски со седиште во Скопје, ул. „464" бр. 4.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Тодор Андреев Делевски.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје бр. 4907 од 17-V-1951 год.

II—44—887

Врз основа дозволата од Поверен. за комунални работи на ОНО — Скопје бр. 4728/52 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 1, рег. бр. 35, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондурација, Јудавер Баки Усеиновски со седиште во село Трубарево.

Предмет на работата на дуќанот е: поправка на кондури.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јудавер Баки Усеиновски.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Скопје бр. 4728 од 8-V-1952 год. II—43—861

Врз основа дозволата од Поверен. за комунални работи на ОНО — Крушево бр. 8239/51 год. записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 205, рег. бр. 103, занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер, Никола Василев Атанасовски со седиште во гр. Крушево.

Предмет на работата на дуќанот е: берберски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Никола Василев Атанасовски.

Од Поверенство за финансии на ОНО — Крушево, бр. 8239 од 21-IV-1952 год. II—39—793

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2362/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 204, рег. бр. 204, занаетчискиот дуќан под фирма: Велосипедција Кемал Зекир Невзат со седиште во Скопје, ул. „50" бр. 58.

Предмет на работата на дуќанот е: поправка на велосипеди.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Кемал Зекир Невзат.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје, бр. 1736 од 11-II-1952 год.

II—44—880

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2064/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 194, рег. бр. 194, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар, Станислав Захариев Софрониев со седиште во Скопје, ул. „183" бр. 5.

Предмет на работата на дуќанот е: столарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Станислав Захариев Софрониев.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје, бр. 1615 од 8-II-1952 год.

II—44—881

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2364/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 198, рег. бр. 198, занаетчискиот дуќан под фирма: Бравар, Никифор Димов Тодоров со седиште во Скопје, ул. „39" бр. 14.

Предмет на работата на дуќанот е: браварски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Никифор Димов Тодоров.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон Скопје, бр. 643 од 21-I-1952 година

II—44—882

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2383/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 203, рег. бр. 203, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Тодор Јорданов Јакосинов со седиште во Скопје, ул. „39" бр. 66.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Тодор Јорданов Јакосинов.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје, бр. 1415 од 26-II-1952 год.

II—44—885

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 906/45 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 181, занаетчискиот дуќан под фирма: Кројач, Димитар Ангеловски со седиште во Скопје, ул. „39" бр. 28.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Димитар Ангеловски.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје, бр. 12872 од 19-X-1951 год.

II—43—876

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2392/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 204, рег. бр. 204, занаетчискиот дуќан под фирма: Електро-монтер, Михајло Христов Карапанчев со седиште во Скопје, ул. „Генерал Темпо" бр. 41.

Предмет на работата на дуќанот е: електро-монтерски и инсталаторски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Михајло Христов Карапанчев.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон — Скопје, бр. 2394 од 27-II-1951 год.

II—43—877

Врз основа дозволата од Поверен. за локална индустрија и занаетчиство на ГНО — Скопје бр. 2388/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 199, рег. бр. 199, занаетчискиот дуќан под фирма: Сарач, Ракип Осман Девали со седиште во Скопје.

Предмет на работата на дуќанот е: сарачки изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ракип Осман Девали.

Од Поверен. за финансии на Народниот одбор на втори реон— Скопје, бр. 1556 од 7-II-1952 год. II—43—878

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 3460/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 1—2, рег. бр. 1, занаетчискиот дуќан под фирма: Јажар, Борис Ефремов Плачков со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: јажарски изработки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Борис Ефремов Плачков.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 3460 од 7-IV-1951 год. II—37—765

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 9195/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 53—54, рег. бр. 27, занаетчискиот дуќан под фирма: Налбат, Трајко П. Наумов со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: потковување на добиток.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Трајко П. Наумов.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 9195/51 год. II38—766

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 6233/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 23—24, рег. бр. 12, занаетчискиот дуќан под фирма: Опинчар, Ристо Панов Ресавски со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: изработка на опинци.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ристо Панов Ресавски.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 6233 од 6-VI-1951 год. II38—767

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 6396/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 25—26, рег. бр. 13, занаетчискиот дуќан под фирма: Леблебџија, Ислаф Омеров Исламов со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: печење и продавање на леблебија.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ислаф Омеров Исламов.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 1953 од 27-II-1952 год. II—38—768

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 5207/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 19—20, рег. бр. 10, занаетчискиот дуќан под фирма: Алвациска-бозациска работилница. Исмаил Латифов Исмаилов со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: изработка на алва и боза.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Исмаил Латифов Исмаилов.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 1953/52 год. II—38—769

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 7107/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 27—28, рег. бр. 14, занаетчискиот дуќан под фирма: Опинчар, Гиго Лазов Ресавски, со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: изработка на опинци.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Гиго Лазов Ресавски.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 1953/51 год. II—38—771

Врз основа дозволата од Советот за локална привреда и комунални работи на ОНО — Кавадарци бр. 6088/51 год., записан е во регистерот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 21—22, рег. бр. 11, занаетчискиот дуќан под фирма: Опинчар, Илија Ресавски со седиште во Кавадарци.

Предмет на работата на дуќанот е: изработка на опинци.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Илија Ресавски.

Од Поверен. за финансии на ОНО — Кавадарци, бр. 1953 од 6-VI-1951 год. II—38—772

СООПШТЕНИЕ

Се молат претплатниците на "Службен весник на НРМ" кои до денеска не ја подмириле претплатата за 1952 година, веднаш да ја испратат по приложената чековна уплатница во "Службен весник на НРМ" бр. 19/52 год. или со вирман на нашата текушта сметка 801-901702 при Народната банка на ФНРЈ — Централа за НРМ — Скопје.

Претплатата за 1952 година изнесува 560 динари.

ОД АДМИНИСТРАЦИЈАТА

СОДРЖИНА

Рег. бр. Страна
61 Указ за свикување Народното собрание на НРМ на IV редовно заседание — — — — — — — 149
62 Уредба за основање музеј на Народноослободителната борба — — — — — — — — — — 149
63 Уредба за основањето и работата на Детскиот дом во Валандово — — — — — — — — 150

Издава: Новинско издавачко претпријатие "Службен весник на Народна Република Македонија" — Скопје, ул. "29 ноември". Одговорен уредник Петар Јаневски. Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје бр. 801-901702. Печатница "Гоце Делчев" — Скопје.